02/12
07.03.2012

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**
**Бр.** 05-711/9
07.03.**2012 година**
**Скопје**

Врз основ на член 165 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007 и 130/2008) и Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-711/7 од 24.02.2012 година се склучи

# ДОГОВОР

за набавка и испорака на свежи цветни аранжмани, одржување на цвеќе во саксии(внатрешно и надворешно) за потребите на Министерството за надворешни работи

Помеѓу договорните страни:

**1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ,** со седиште на ул. "Даме Груев" бр.6 - Скопје, застапувано од Државен советник за организациони работи Маја Стојановска, по овластување на Министерот за надворешни работи, во натамошниот текст: Нарачател и

**2. Т.П. Тренески Бранко Љупчо Цвеќара " ФИОРЕ" - Скопје,** со седиште на ул. "Кајларска" бр. 3, застапувано од директорот Љупчо Тренески, во натамошниот текст: Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е сукцесивна набавка и испорака на свежи цветни аранжмани, набавка, испорака и одржување на цвеќе во саксии (внатрешно и надворешно), за годишни потреби на Министерството за надворешни работи, согласно со понудата бр. 05-711/4 од 14.02.2012 година, по Оглас бр. 01/2012, што е составен дел на овој договор

**Член 2**

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката од член 1 на овој договор, а набавувачот да ја плати цената, согласно условите утврдени во овој договор.

## ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Вкупната вредност на предметот на набавката од член 1 на овој договор изнесува до 600.000,00 денари без ДДВ. Вредноста на ДДВ изнесува 18 %. Цените се за испорачани стоки до просториите на нарачателот и други

локации на подрачје на град Скопје, доколку тоа го бараат потребите на набавувачот.

**Член 4**

Плаќањето ќе се изврши по извршената испорака, врз основа на доставена фактура во рок од 100 дена.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката од член 1 на овој договор според видот, количини и цени кои се дадени во понудата бр. 05-711/4 од 14.02.2012 година.

Набавката ќе се врши сукцесивно врз основа на барање на набавувачот на места, во време и во количини што ќе ги определи набавувачот.

Носителот на набавката се обврзува предметот на набавката да го испорача веднаш по приемот на барањето, на места, време и количина што ги одредува нарачателот.

**Член 6**

Нарачателот се обврзува порачката да ја врши со доставување барање за испорака до носителот на набавката, кое треба да содржи: вид, количина, цена, рок и место на испорака на предметот на набавката .

**Член 7**

Предметот на набавката ќе се испорачува заедно со испратница на носителот на набавката, која мора да ги содржи истите податоци за видот и количината и цената како во барањето за испорака од нарачателот. Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат овластени лица на носителот на набавката и нарачателот.

Кон фактурата покрај испратницата носителот на набавката проложува и копија од порачката. Доколку доставената фактура не ја содржи предвидената пропратна документација (испратница и фотокопија од порачката) нема да се реализира истата и ќе биде вратена на дооформување.

**Член 8**

Секоја испораката на предметот на набавката од член 1 на овој договор што нема да бидат во согласност со издаденото барање од страна на набавувачот ќе се смета за неважечка, а трошоците во врска со тоа ќе паднат на товар на носителот на набавката.

**Член 9**

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на предметот на набавката, а во случај на недостатоци должен е да ги отстрани на своја сметка.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

**Член 11**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 13**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете страни.

**Член 15**

Овој договор е составен во 4(четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Носител на набавката:**
Т.П. Тренески Бранко Љупчо
Цвеќара "ФИОРЕ" - Скопје
**За Носителот на набавка,**
Љупчо Тренески

**Нарачател:**
Министерство за надворешни работи

**За Нарачателот,**
**Државен советник**
Маја Стојановска

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**
Бр. 05-711/7
24.02.2012 година
Скопје

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), член 162 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007) и Извештајот за спроведена постапка на Комисијата за јавни набавки бр. 05-711/6 од 24.02.2012 година, по овластување на Министерот за надворешни работи, Државниот советник за организациони работи донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР

1. За најповолна понуда за набавка на цвеќе, цветни аранжмани и одржување на цвеќе, за потребите на Министерството за надворешни работи, согласно со спецификација (тендерската документација), се избира понудата на:

**-Понуда бр.05-711/4 од 14.02.2012 година на економскиот оператот Цвеќара ФИОРЕ ТП Тренески Бранко Љупчо Скопје, со ЕМБС 5154588 со седиште на ул. Кајларска бр.3 Скопје.**

2. Економскиот оператор од точка 1 на оваа решение, согласно со член 102 од Законот за јавни набавки на Република Македонија, е должен во рок од 5 дена од приемот на оваа решение до договорниот орган да ги достави документите за потврдување на неговата способност, дефинирани во поедноставената тендерска документација.
3. Согласно со член 137 од Законот за јавни набавки, Комисијата за јавни набавки во МНР пристапи кон Јавно отварање на понудите со еднапристигната понуда. Поради тоа, оваа постапка завршува без да се спроведе електронска аукција бидејќи има пристигнато само една понуда.
4. По конечноста на Решението, со понудувачот од точка 1 на ова Решение чија понуда е избрана за најповолна да се склучи договор, со кој поблиску ќе бидат утврдени договорните обврски.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Согласно со Одлуката за набавка на цвеќе, цветни аранжмани и одржување на цвеќе, за потребите на Министерството за надворешни работи, бр. 05-711/1 од 31.01.2012 година, Комисијата за јавни набавки при Министерството за надворешни работи спроведе постапка за Барање за прибирање на понуди со објава на Оглас

бр.01/2012 на страната на Бирото за јавни набавки на Република Македонија, која се спроведува во хартиена форма а завршува со електронска аукција.

На Огласот бр.01/2012 година, до 14.02.2012 година во 10.00 часот, до Министерството за надворешни работи на РМ пристигнаа две понуди. Истите беа предмет на евалуација од старна на Комисијата за јавни набавки.

По спроведената постапка, Комисијата за јавни набавки достави Извештај од спроведената постапка бр. 05-711/6 од 24.02.2012 година со предлог според кој најповолна понуда согласно критериумот за доделување на договор за јавна набавка користен во оваа постапка, најниска цена, за целиот предемет на јавна набавка е понудата на:

- Понуда бр.05-711/4 од 14.02.2012 година на економскиот операторот Цвеќара ФИОРЕ ТП Тренески Бранко Љупчо Скопје, со ЕМБС 5154588 со седиште на ул. Кајларска бр.3 Скопје.

- Понудата бр.05-711/5 од 14.02.2012 година на економскиот оператор Флораком-Дооел Скопје , бул.Илинденска бб, се смета како некомплетна и несоодветна и не ги исполнува условите наведни во тендерската документација бр 05-711/2 од 31.01.2012 година и не беше предмет на евалуација од страна на Комисијата за јавни набавки

Врз основ на предлогот на Комисијата за јавни набавки се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука: Право на жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од 8 дена од денот на добивањето на известувањето.**

**ДРЖАВЕН СОВЕТНИК**
**Маја Стојановска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ